# 468. АЈДЕ ДАЛИ ЗНАЕШ ПАМЕТИШ МИЛИЦЕ




Ајде дали знаеш, паметиш Милице,
кога си бевме малечки, хај хајде,
Кога си бевма малечки Милице,
ај, кога се двајцата љубевме.

Ај кога се двајцата љубевме Милице,
во чичовото градинче, хај хајде,
Во чичовото градинче, Милице,
ај, нај шарените цвеќиња.

Ај нај шарените цвеќиња, Милице,
Трендафил цвеќе цутеше, хај хајде,
Трендафил цвеќе цутеше, Милице,
ај на градите поѓаше.

Ај на градите ти поѓаше, Милице,
ти на скутат ми спиеше, хај хајде,
ти на скутат ми спиеше, Милице,
ај тогаш ти лице целував.

Ај тогаш ти лице целував, Милице,
лице ти беше спотнато, хај хајде,
лице ти беше спотнато, Милице,
ај, на срце огни ти гореше.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995